Национален младински совет на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ бр.7/ 1-1,
1000 Скопје

+389 78 350 531

info@nms.org.mk

/NMSMKD

@NMSmkd

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТАТА НА НАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА МАКЕДОНИЈА

2020 година

Национален младински совет на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

# СЕКРЕТАРИЈАТ НА НАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА МАКЕДОНИЈА

Во Секретаријатот на НМСМ во 2020 година, работен ангажман имаат следните лица:

1. **Гордана Колова** Генерален секретар (од октомври 2019 до Април 2020)
2. **Елена Виларова Велковска** Генерален секретар ( јуни 2020 до декември 2020)
3. **Јана Јосифовска** – Финансиски и административен менаџер
4. **Филип Кулаков** –Координатор за меѓународни прашања и политики
5. **Елена Димовска** – Координатор за истражување
6. **Александра Филипова** – Координатор за членство (од февруари 2020 година)
7. **Стефан Филиповски** – Финансиски и административен асистент
8. **Јордан Николовски** – Координатор за комуникации
9. **Весна Радиновска** – Проектен координатор
10. **Игор Димовски** – Специјалист за комуникации
11. **Гуѕим Нухиу** – Проектен асистент
12. **Албина Сефадини** – Проектен асистент (од април 2020)
13. **Маријана Јанческа** - Грант координатор (од април 2020 до ноември 2020)

Национален младински совет на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

## ПРОГРАМСКО РАБОТЕЊЕ

Националниот младинскиот совет на Македонија НМСМ е сојуз на здруженија во кој на доброволна основа членуваат здруженија и фондации од Република Македонија. НМСМ е основана на 29 јуни 2013 година од страна на 55 организации.
НМСМ е претставничко тело на младинските организации во Македонија. НМСМ обединува 52 организации: 18 младински организации, 20 организации за млади, 1 сојуз, 8 подмладоци на други организации и 5 придружни членки, со цел да се промовираат и застапуваат младите и правата на младите во Македонија.

Членството на НМСМ е разновидно, обединувајќи организации кои работат на национално и регионално ниво, рурални и урбани средини, студентски организации, ограноци на меѓународни организации и други типови на здруженија. Во процесот на остварување на своите цели, НМСМ ги застапува интересите на младите во Република Македонија без разлика на нивната социо-економска положба, пол, раса, етничко и културно потекло, политичкото и верското уверување, сексуална ориентација, родов идентитет или било која друга форма на разлика.
Од 29 ноември 2015 година, Националниот младински совет на Македонија е дел од европското семејство на младински организации, Европски младински форум ЕМФ.

## Мисија на НМСМ

Мисијата на НМСМ е да ги претставува интересите и потребите на младите луѓе како врска со сите чинители и да обезбеди вклучување и активно учество на младите во процесот на донесување одлуки на секое ниво.

## Целите на НМСМ се:

1. Зајакнување на улогата на НМСМ како претставничко тело на младите и младинските организации;
2. Поттикнување на процеси за креирање на соодветни политики кои овозможуваат социјален и личен развој на младите;
3. Застапување и делување во името на интересите на младите и младинските организации преку претставување на нивните интереси пред институциите;
4. Обединување и развој на капацитети на младинскиот сектор преку зајакнување и промоција на улогата на младинските организации;

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

5. Промоција на неформалното образование и поттикнување на креирање системи за поддршка на млади на локално и национално ниво;
6. Унапредување на положбата на младите во општеството преку:
-Промоција и дејствување кон зајакнување на младинското учество во процесите на донесување на одлуки,
-Промоција на младински активизам, младинско информирање и активно граѓанство помеѓу младите;
7. Унапредување на еднаквоста, третманот на младите, толеранција и демократијата кај и помеѓу младите. Во остварување на наведените цели НМСМ ги застапува интересите на младите во Република Северна Македонија без разлика на нивната социо-економска положба, пол, раса, етничка и културна припадност, политички и верски верувања, сексуална ориентација, родов идентитет или било кој друг облик на разликување.

## 1. Програмски активности кои се спроведуваат во организацијата

### 1.1 Меѓународни односи и политики

Во текот на 2020, Националниот младински совет на Македонија во однос на застапување, се залагаше за:
- унапредување на политиката Гаранција за млади, базирано на искуствата во самата имплементација;
- лобирање за законска измена во Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, која би овозможила алтернативни методи на регистрација, односно потврдување на статусот на активен барател на работа (за разлика од досегашната одредба која налага физичко потврдување секои 30 дена), преку иницијативата „Иницирај шанса за сите“, поддржана од NDI;
- лобирање за законска измена во Закон за трговски друштва со цел намалување на основниот влог за започнување на Д.О.О. или Д.О.О.Е.Л. од 5.000 евра на 1 евро, со цел стимулирање на младинското претприемништво;
- застапување за младите и младинските организации соочени со ефектите од КОВИД-19 кризата преку процесот „Млади во криза“;
- застапување со институциите за унапредување на процесите за доделување на грантови кон граѓански организации, а особено младинските.

Од аспект на меѓународни односи во 2020 НМСМ се истакнува со учество во Собранијата на ЕМФ, вмрежување со Национални младински совети и меѓународни младински организации, застапување на меѓународно ниво за унапредување на Гаранцијата за млади на Европско ниво.

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

**Дополнително во текот на 2020, беа донесени следните ставови и политики:**

- Реакција по укинувањето на законот за спречување и заштита од дискриминација
- Доставени предлози до Владата на Република Северна Македонија на отворениот повик за предлози спроведен од страна на Одделението за соработка со невладини организации.
- Доставени предлози кон Агенцијата за млади и спорт во форма на модели за регрантирање на младински организации.
- Реакција до Агенција за млади и спорт за роковите и потребната документација при доделување на средства кон граѓански организации;
- Поддршка на реакција на МОФ за кратење на буџетот во образованието
- Поддршка на Реакција на граѓанските организации за скандалозната изјава на премиерот Заев -
- Реакција на јавни повици за прибирање на барање за користење средства од Буџетот на Град Скопје за 2020 година
- Реакција на најавените мерки за млади во време на пандемија од Ковид-19
- Испратени Предлози за унапредување на Предлог Правилник за Регистарот за младински организации на Агенција за млади и спорт;
- Реакција по основ на нетранспарентно финансирање на граѓанските здруженија.

## 1.2 Членство

Во 2020 година се одржаа голем број на обуки, работилници и настани кои имаа за цел јакнење на капацитетите на организациите членки.

Градењето на капацитетите на членките се одвиваше и преку меѓусебна соработка, остварување на партнерства, подготовка на заеднички апликации и имплементација на проекти со НМСМ.

Во текот на карантинот за време на ковид-19 пандемијата, се реализираа 4 обуки за градење на капацитетите на организациите членки преку кои се опфатија 13 организации преку 22 членови односно претставници на организациите.

Дополнително, се подготови документ Правилник за организирање на фонд за поддршка на организациите членки, за кои се мобилизира средства во текот на 2020 година.

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

Во текот на 2020 година беше спроведен процесот на селекција на регионални канцеларии на НМСМ. Од добиените апликации за регионални канцеларии на НМСМ во 2020 година беа селектирани следните организации членки:

- **Југозападен регион:** Здружение за развој на активизам- АКВА Струга;
- **Пелагониски регион:** Младински културен центар (МКЦ) Битола ;
- **Источен регион:** Фондација за развој на локалната заедница (ФРЛЗ) Штип;
- **Североисточен регион:** Центар за интеркултурен дијалог (ЦИД) Куманово;
- **Југоисточен регион:** Регионален центар за одржлив развој (РЦОР) Гевгелија;
- **Вардарски регион:** Совет за превентива против малолетничка деликвенција – СППМД Кавадарци;
- **Полошки регион:** Центар за Едукација и Развој- ЦЕД Теарце.

**Членките се вклучени и во проектните активности на НМСМ односно:**

- Организациите членки добија поддршка во склоп на проектот МладиХаб- Дигитална младина. Конкретно преку општокорисна работа во склоп на проектот, директно се поддржаа 5 организации членки (ИАЕСТЕ Македонија, Здружение на правници Роми, Светла Иднина, Инклузија и СИМ преку 3 извиднички одреди) и 3 потенцијални организации членки (Форум на млади, Лачо Диве, Центар за мултидисциплинарен развој Прогрес) за бесплатна изработка на веб страни. За превод или дизајн се поддржаа 7 организации од кои 2 се потенцијални членки (ХЕРА и Центар за мултидисциплинарен развој Прогрес) и 5 организации членки (ФРЛЗ, СИМ, Биди Зелен, Интерактив Битола, Сфера Македонија). Вкупно 40 волонтери од активностите на МладиХаб се вклучија во обезбедување на различен вид на поддршка на младинските организации.

Просторот на МладиХаб редовно се отстапуваше на користење на организации членки за организирање на состаноци и настани.

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

- Вклучени се во проектот "Поддршка на изборните реформи" како ментори, мобилизатори, тренери и млади лидери - учесници на Академија за јавни политики. Поточно, во рамките на проектот ангажирани се 8 организации од сите плански региони кои пружаат менторска поддршка на мобилизаторите на заедницата, и тоа: 5 регионални канцеларии на НМСМ (СППМД Кавадарци, ФРЛЗ Штип, АКВА Струга, РЦОР Гевгелија и МКЦ Битола) и 3 организации членки (ЦЕД Теарце, Инклузива Куманово и Ромаверзитас од Скопје). Од 16 мобилизатори 4 се волонтери/членови на организации членки на НМСМ; од 6 тренери 2 се дел од организации членки на НМСМ, а во проектот како главен едукативен консултант е ангажирано лице од Базата на обучувачи на НМСМ. Дополнително, во првата од предвидените две Академии за јавни политики со свои учесници претставени се и следните политички подмладоци членки на НМСМ: СДММ, НСДМ, МОДОМ и ЛИДЕМ.
- Дополнително дел од стипендистите во склоп на LEAD MK академијата доаѓаат од организации членки, а дел од организациите членки добиле и награда за младинско учество;
- партнерски се реализираше проект со членките Сојуз на извидници на Македонија, Центар за интеркултурен дијалог, Младински образовен форум, Совет за превенција на малолетничка деликвенција – Кавадарци, Младински културен центар – Битола, АКВА – Струга, Центар за развој и унапредување на јавниот Живот – Тетово, Фондација за развој на локалната заедница – Штип и Регионален центар за општествен развој – Гевгелија односно проектот „Зошто Закон за млади?" - партнерски се реализираше проект со членките ЦЕД Теарце, ФРЗЛ Штип, Младински културен центар Битола, Сфера Интернационал и Форум 16 односно проектот „Студентско реформирање" - вклучени се во проектот „Инспирирај учество на младите" преку консултативни средби и спроведување на прашалник за потребите на процесот на структурен дијалог;

- Регионалните канцеларии на НМСМ беа вклучени и во проектот ЈутВики, поточно 5 од нив кои изразија интерес (АКВА Струга, Инклузија од Охрид, КХАМ Делчево, МКЦ Битола и СППМД Кавадарци) и при тоа реализираа по една работилница за младински политики во своите региони.

Во текот на 2020 година се посетени 46 организации членки и преку овие посети, добиени се препораки од организациите членки кои се инкорпорирани во новиот стратешки план на организацијата.

По реализацијата и сумирање на добиените податоци од посетите, се започна со работа и подготовка на соодветен одговор за барањата и препораките добиени од организациите членки.

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

Во текот на месец април-мај 2020, се спроведе и прашалник за утврдување на капацитети и потребите на организациите членки, а прашањата беа фокусирани во неколку различни области односно финансиска состојба во која се наоѓаат организациите, капацитети на организациите, потреби на организациите и влијанието на ковид-19 пандемијата врз нив. На прашалникот одговорија вкупно 34 организации членки.

Од добиените резултати од прашалникот беа евидентирани конкретни препораки за понатамошна соработка помеѓу организациите членки и телата на НМСМ.

## 1.3 Истражување и анализи




Во првата половина од јули 2020, НМСМ во соработка со ЛЕАД (Лидери за едукација, активизам и развој) спроведе Анализа на мерките за млади на програмите на политичките партии од парламентарните избори 2020.

Анализата се базираше на 11- те индикатори за младински политики на ЕМФ, истата опфати 9 предизборни програми и имаше за цел да покаже што и колку ветуваат партиите за младите во своите програми.

Во текот на овој период НМСМ публикуваше и анализа „Младинско вработување - клучни предизвици за политиките на Западен Балкан“.

Дополнително беше спроведена и анализа насловена како Нов бран во студентското организирање. Целта на овој документ е да ја анализира нормативната рамка на новиот модел на студентско организирање, начинот на избор, правата, обврските и одговорностите на студентските претставници и да ја истражи транспарентноста и првичните практики кои универзитетите ќе ги воспостават при формирање на новите студентски собранија на трите државни универзитети во Штип, Битола и Тетово.

Во текот на 2020 година, НМСМ почна со прибирање на податоци за анализа на државното финансирање на граѓанските организации, по

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

добиени реакции од членки за начинот на кој се известуваат од страна на институциите за одобрениот буџет и добиените проекти.

НМСМ во 2020 години работеше на иницијатива за законодавната иницијатива чија цел е промена на начинот на регистрација на невработените млади лица (активни баратели на работа) во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија кои, согласно актуелниот Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, се должни лично да се јавуваат во Агенцијата на секои 30 дена. Иницијативата на Националниот младински совет на Македонија (НМСМ) „Иницирај шанса за сите“ е поддржана преку Програмата за зајакнување на граѓанското учество во законодавните процеси 2018-2020, раководена од Националниот демократски институт (НДИ), со финансиска поддршка на Агенцијата на САД за меѓународен развој.

При крајот на 2020 година, НМСМ направи кратка анализа на официјалната Програма за работа на Влада 2020-2024, во рамките на која се анализираа ветувањата/мерките насочени кон младите лица. Поточно, анализата покажа колку вкупно мерки се директно насочени кон младите и во кои области тие се јавуваат.



ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

## 1.4 Организациски развој

Активностите кои се реализирани во период од 2020 година од аспект на организациски развој и се поврзани со зајканување на капацитетите на Секретаријатот и органите на НМСМ со цел да обезбедат посеопфатен одговор на потребите на членството и програмските активности. Капацитетите со кои располага Секретаријатот се основен ресурс за спроведување на програмските и проектни активности. Предводејќи се од вредностите на НМСМ најголем дел од вработени се млади, на голем дел вработувањето во НМСМ им е прво вработување, на кое претходело волонтерско искуството. Поточно, 85% од вработените се млади, од кои најголем процент или 70% се женски, додека само 30% се машки.
Степенот на образование и претходно работно искуство варира, меѓутоа за пофалба се вредностите на вработените изградени кон НМСМ. Како слабост на организациско ниво се јавува честа промена на вработените во Секретаријатот, особено на менаџментот кои промени директно влијаат на ефикасноста и ефективноста на извршените работни задачи.
Во текот на 2020 година беше спроведена проценка на капацитетите со кои располага Секретаријатот од која произлезе потребата од ревидирање на описите на работни места и органограмот на Секретаријатот. Во новиот органограм беа отворени нови позиции и тоа: Заменик Генерален секретар, Координатор за комуникации, Координатор за истражување и анализи и Асистент за логистика и административно работење. Промените на организациско ниво директно влијаат на институционалната меморија на организацијата, што претставува дополнителен предизвик за одржливост на НМСМ.
Оттука, во 2020 година се ревидира соодветните прирачници на НМСМ организациско функционирање и се отпочна со практикување на внесените промени. Промените направени во правилниците се во насока на подобрување на начините на архивирање на материјали, пополнување на електронските архиви и користење на постоечките или креирање на нови софтвери кои ќе го поддржат целокупното работење на НМСМ.

Во текот на 2020 година се спроведе процесот на подготовка на Стратешкиот план на НМСМ за 2021-2023 година. Овој стратешки план е изработен во консултација со организациите членки на НМСМ. Процесот на подготовка на новиот стратешки план се одвиваше на партиципативен начин и преку директно вклучување на сите тела на НМСМ во три клучни фази.
Првата фаза беше фокусирана на евалуација на Стратешкиот план на НМСМ 2018-2020 година и подготовка на анализата на состојбата. Втората фаза од процесот на подготовка на стратешкиот план, односно прибирање на податоци од членки за стратешки приоритети, цели, можни активности и слично преку користење на оналјн прашалници и организирање на

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

работна средба. Паралелно на овој процес се спроведе и оналјн прашалник за надворешни соработници и потенцијални нови членки.
Сумираните податоци од анализата и спроведените прашалници беа презентирани од страна на базата на обучувачи и Секретаријатот на работна средба каде што се дефинираа стратешките области и цели на коишто Советот би се
фокусирал во следните три години. Во согласност со препораките од средбата, стратешките области и цели беа финализирани и презентирани пред Генералното собрание на НМСМ во Септември 2020 година .
Врз база на новиот стратешки план на НМСМ, во 2020 година беше креирана новата комуникациска Стратегија на НМСМ за период од 2021-2023 година.

Од аспект на превземени програмски активности од страна на вработените во Секретаријатот, најголем фокус беше ставен на обезбедување на поддршка на членството, аплицирање на проекти со цел да се обезбеди одржливост на организацијата, подготовка на анализи и истражувања, реакции базирано на потребите и побарувањата од страна на УО или организациите членки и сл.

Дополнителни активности кои беа превземени од страна на вработените во Секретаријатот во насока на организациски развој се подготовка на проектни апликации во соработка со наши организации членки и надворешни партнери.

Секретаријатот на НМСМ во 2020 година подготви 15 проектни апликации во соработка со организации членки и надворешни партнери на национално и интернационално ниво. Подготвени беа вкупно 15 проектни апликации.




Секретаријатот на НМСМ истовремено аплицираше на повици за консултантски услуги и активности.

Дополнително вработените во Секретаријатот и претставници на телата на НМСМ својот придонес го дадоа преку учество на: состаноците на УО на НМСМ, состаноците на работните групи на НМСМ, обуки и работилници за градење на капацитети; настани на организациите членки на НМСМ и други граѓански организации; Работни групи на Европскиот младински форум, редовна комуникација и координација со телата на ЕМФ; Работни групи за креирање на

Акциски план на Националната стратегија за млади 2020 година ; Работна група за креирање на Закон за младински стандард и други релевантни состаноци.

## УПРАВЕН ОДБОР НА НМСМ

Членовите на Управниот одбор избран од Собраниот на НМСМ од крајот на месец мај 2019 беа следните, поделени по своите портфолија на работа во организацијата:

1. Бојан Петровски – Претседател
2. Владимир Костовски – Потпретседател; Комуникација со институции и политики
3. Анита Николовска – Управување, организациски раст и развој
4. Кристијан Панев – Управување, организациски раст и развој
5. Драгана Јовановска – Меѓународни односи
6. Петар Барлаковски – Комуникација со институции и политики

Во текот на овој период, Управниот одбор го промени начинот на водење на записникот и известувањето кон членството, а дополнителни промени направи и во Деловникот за работа на УО. Во периодот на нивниот мандат се одржаа вкупно 21 седници на Управниот одбор на НМСМ.
Во текот на изминатата година беше остварена соработка и со следниве институции:

- Претседател на Република Северна Македонија;
- Влада на РСМ;
- Собрание на РСМ;



- Агенција за млади и спорт и
- Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност.

## ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

1. **Проект за граѓанско учество - Civic Engagement Project (CEP)**

Проект за граѓанско учество претставува петгодишна иницијатива за поддршка на македонскиот граѓански сектор и младинските организации кои ги вклучуваат граѓаните, приватниот сектор и владините институции, како и засегнатите страни за прашања од јавен интерес. Во рамки на проектот НМСМ организира едногодишна LEAD (Linking, Engagement, Advocacy, Development) програма која им овозможува на мотивираните млади луѓе, да стекнат вештини за да работат во рамките на нивните заедници. Исто така, LEAD им овозможува на младите учество во јавниот живот и процесот на донесување одлуки за прашања кои влијаат на нивниот живот, заедниците и воопшто на македонското општество. Проектот за граѓанско учество е имплементиран од страна на Ист Вест Менаџмент Институт (East West Management Institute – EWMI), во партнерство со три граѓански организации:
Фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис", Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ), и Националниот младински совет на Македонија (НМСМ).

**Главни резултати на проектот се:**

– Доделени и спроведени 22 грантови од страна на четвртата генерација од LEAD МК стипендистите;

– Доделени 6 Награди за младинско учество (Youth Civic Engagement Award) на 2 поединци, 2 неформални групи на млади и 2 младински организации;

– Спроведени 6 грантови во рамки на Наградата за младинско учество за поддршка и продолжување на активностите на добитниците на Наградата за кои беа препознаени.

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** септември 2016 – јули 2021

**ДОНАТОР:** УСАИД (USAID)

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

2. **Граѓански организации на Западен Балкан за поддршка за младинско вработување WeB4YES (Western Balkan Civil Society Organisations for Youth Employment Support)**

Проектот Граѓански организации на Западен Балкан за поддршка за младинско вработување претставува иницијатива на регионално ниво чија цел е да се обезбеди иновативен меѓусекторски пристап да се понудат опции за подобрување на можноста за вработување на младите од регионот на Западен Балкан. Проектот има за цел да се фокусира на изнаоѓање решение за постоечките предизвици кои произлегуваат од недоволната соработка меѓу чинителите од граѓанското општество и државните власти во земјите од Западен Балкан во политичките процеси и донесувањето на одлуки во насока на реформскиот процес кој се однесува на невработеноста на младите. Проектот, меѓу другото има и за цел да ги зајакне чинителите од граѓанското општество со цел тие да дадат значителен придонес во решавањето на многу прашања од областа на вработувањето и претприемништвото преку нивните активности за застапување и надзор на национално, регионално и локално ниво и на тој начин да стават поголем фокус на потребите на младите граѓани во креирањето политики. Координатор на Проектот е Белградската отворена школа, а партнерите на проектот се: Здружението надвор од границите (Тирана, Албанија), Здружението за демократски просперитет – ЗИД (Подгорица, Црна Гора), Институтот за развој на млади КУЛТ (Сараево, Босна и Херцеговина) НВО Ленс (Приштина, Косово*), Националниот младински совет на Македонија (Скопје, Македонија) и Меѓународниот центар Олоф Палме (Стокхолм, Шведска).

**Главни резултати на проектот се:**

– Реализирана обука за јакнење на капацитетите на младинските организации и запознавање со основите за развој на јавните политики и застапување во областа на политиките за вработување, со посебен акцент на политиките за вработување на младите;

– Доделени грантови за партнерски проекти во регионот, вклучувајќи 4 на организации во Северна Македонија;

– Поставена регионална платформа (WeB4Jobs) за вработување, пракса и обуки.

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** декември 2017 – јануари 2021

**ДОНАТОР**: Европската комисија

3. **Граѓански организации на Западен Балкан за поддршка за младинско вработување)- WeB4YES (Western Balkan Civil Society Organisations for Youth Employment Support)**

Граѓански организации на Западен Балкан за поддршка за младинско вработување) претставува иницијатива на регионално ниво чија цел е да се обезбеди иновативен меѓусекторски пристап и да се понудат опции за подобрување на можноста за вработување на младите од регионот на Западен Балкан. Проектот има за цел да се фокусира на изнаоѓање решение за постоечките предизвици кои произлегуваат од недоволната соработка меѓу чинителите од граѓанското општество и државните власти во земјите од Западен Балкан во политичките процеси и донесувањето на одлуки во насока на реформскиот процес кој се однесува на невработеноста на младите. Проектот, меѓу другото имаше и за цел да ги зајакне чинителите од граѓанското општество со цел тие да дадат значителен придонес во решавањето на многу прашања од областа на вработувањето и претприемништвото преку нивните активности за застапување и надзор на национално, регионално и локално ниво и на тој начин да стават поголем фокус на потребите на младите граѓани во креирањето политики. Координатор на Проектот е Белградската отворена школа, а партнерите на проектот се: Здружението надвор од границите (Тирана, Албанија), Здружението за демократски просперитет – ЗИД (Подгорица, Црна Гора), Институтот за развој на млади КУЛТ (Сараево, Босна и Херцеговина) НВО Ленс (Приштина, Косово*), Националниот младински совет на Македонија (Скопје, Македонија) и Меѓународниот центар Олоф Палме (Стокхолм, Шведска).

**Главни резултати од проектот се:**

– Реализирана обука за јакнење на капацитетите на младинските организации и запознавање со основите за развој на јавните политики и застапување во областа на политиките за вработување, со посебен акцент на политиките за вработување на младите;

– Доделени грантови за партнерски проекти во регионот, вклучувајќи 4 на организации во Северна Македонија;

– Поставена регионална платформа (WeB4Jobs) за вработување, пракса и обуки.

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** декември 2017 – јануари 2021

**ДОНАТОР:** Европската комисија

4. **МладиХАБ - Дигитална младина (MladiHUB - Digital Youth)**

Проектот „МладиХАБ-Дигитална младина" го спроведуваат Националниот младински совет на Македонија во партнерство со Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ. Проектот им нуди пристап до обуки за дигитални и меки вештини во замена за општокорисна работа на младите лица на национално ниво.
Во зависност од нивните вештини и интереси, како и од потребите на заедницата во која живеат, младите учествуваат во различни општокорисни иницијативи и на тој начин добиваат обуки од сертифицирани провајдери и можности за вмрежување и животно искуство.
Како дел од проектот е креирана и платформа преку која младите луѓе ќе можат да стекнат нови вештини и да ги подобрат нивните дигитални вештини. Со зајакнување на своите лични и професионални вештини младите ќе можат а одговорат на дигиталната трансформација на економијата. Повеќе информации за можностите за едукација на младите можете да најдете на следнава веб страница: https://mladihub.mk/page/zanas
Дополнително преку проектот е креирана платформата „CareerHub" која има за цел да овозможи поврзување млади талентирани професионалци што поседуваат дигитални вештини со работодавачи што имаат потреба од ангажирање на соработници со полно или скратено работно време, хонорарен ангажман, практиканство или волонтирање. Платформата нуди можности за младите да пребараат и аплицираат на оглас за работа, хонорарен ангажман, практикантсво или волонтирање и истовремено работодавачите да објавуваат оглас, да следат статистика на посетеност на огласите што ги објавиле, да пребаруваат по апликациите доставени на огласот од корисниците баратели на работа. Повеќе информации можете да најдете на следнава веб страница: https://careerhub.mladihub.mk/default
Проектните активности директно влијаат врз подобрување на шансите на младите за вработување, промовира иновативност, придонесува кон економска еманципација на младите и ја подобрува економската состојба во земјата.

**Главни резултати на проектот за 2020 година се**:

- Спроведени 64 обуки за дигитални и деловни вештини кои ги следеле 900 млади од цела држава.
- Остварена соработка со повеќе од 20 граѓански организации и иницијативи за општокорисна работа.

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

- Креирана платформа за поврзување млади професионалци од сферата на дигитални вештини со работодавачи – КариерХаб.

**ПЕРИОД НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА:** мај 2019 – март 2021

**ДОНАТОР:** Британска амбасада во Скопје

5. **Поддршка на изборните реформи во Република Северна Македонија**

„Поддршка на изборните реформи во Република Северна Македонија" е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) и има за цел да ги поддржи демократските веродостојни изборни процеси кои го олеснуваат политичкото учество и социјалната интеграција со тоа што на гласачите им овозможуваат да ги изберат своите претставници и од нив да бараат отчетност. Активностите воглавно се насочени кон три различни таргет групи, и тоа: изборната администрација, политичките партии и граѓанскиот сектор. Проектот е имплементиран од страна на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) во партнерство со Националниот младински совет на Македонија.

За потребите на Проектот е осмислен трикратен стратегиски приод: 1. Да се изградат капацитетите на изборната администрација што ќе ги спроведува изборите; 2. Да се поддржат преку политички дијалог повеќе политики и партиски програми кои се граѓански ориентирани, како и истражувања и политики засновани на докази; 3. Да се зајакне капацитетот на граѓаните да ги повикаат на одговорност партиите и избраните функционери во однос на нивните ветувања.

Во првата година од имплементација на проектот спроведена е првата од предвидените две Академии за јавни политики. На Академијата учествуваа претставници на подмладоците на 9 политички партии и истата успешно ја заврши 15 млади лидери. Во рамки на Академијата реализирани се вкупно 3 модули, учесниците работеа на пишување на кратки документи за политики со менторска поддршка на тренерите, а во моментов (февруари 2021) работат на имплементација на иновативни иницијативи. Можноста за спроведување на иновативни иницијативи беше отворена и за претставници на политичките подмладоци во државата коишто не беа дел од Академијата, па така во моментов се спроведуваат вкупно 26 иновативни иницијативи од страна на претставници на политичките подмладоци.

Во текот на 2020 се реализираше и тренинг програмата за мобилизаторите на заедницата (првата група се состои од 16 мобилизатори од сите статистички региони во Македонија). Првата генерација мобилизатори на заедницата ќе биде активна до март 2021 кога ќе завршат со мониторингот на ветувањата на Владата, како и со иновативните иницијативи кои тие ги спроведуваат.

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

**Главни резултати на проектот за 2020 се:**

- Успешно реализирана прва Академија за јавни политики
- Успешно реализирана прва тренинг програма за мобилизирање на заедницата
- Имплементација на вкупно 42 иновативни иницијативи (16 од мобилизатори на заедницата и 26 од страна на политичките подмладоци)

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** август 2019 – јуни 2023

**ДОНАТОР:** Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ)

6. **Студентско (ре)формирање**

Студентското организирање е клучна тема за студентите во периодот на почетокот на новата академска година. Со донесувањето на новиот закон за високо образование се направи реформа во студентското организирање. Студентите не се доволно информирани за новиот модел на студентско организирање, а универзитетите се должни да го воспостават истиот со почетокот на новата академска година. Поради тоа, неопходно е да се мониторира целокупниот процес на воспоставување на новиот модел на студентско организирање, од информирање на студентите, преку изборниот процес на студентски претставници до воспоставување на факултетските и универзитетски собранија и органи за заштита на правата на студентите. Овој проект го адресира токму прашањето на студентско организирање и го следи процесот на воспоставување на новиот модел на студентско организирање во три државни универзитети – УГД, УКЛО и Универзитетот во Тетово. Со проектот се поттикна активно учество на студентите во овие процеси, преку нивно поголемо информирање и мотивирање за вклучување во процесите на донесување на одлуки и застапување на студентите пред универзитетските органи. Преку развивање на детален план за застапување и координација помеѓу проектните партнери се иницираше кампања за студентско организирање преку која се информираа студентите за нивните права и можности да учествуваат во работата на универзитетот, но и за новиот модел на студентско организирање. Со оглед на тоа што, организации-членки на НМСМ веќе работат на застапување за студентско организирање на УКИМ, НМСМ, заедно со вклучените организации-членки со овој проект работеше и на информирање и застапување за транспарентни студентски избори и студентско организирање во државните универзитети во Штип, Битола и Тетово. Притоа, се организираа

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

постојани консултации и координација и со организациите – членки кои работат во истата област на УКИМ.
Дополнително беше спроведена и анализа насловена како Нов бран во студентското организирање. Целта на овој документ е да ја анализира нормативната рамка на новиот модел на студентско организирање, начинот на избор, правата, обврските и одговорностите на студентските претставници и да ја истражи транспарентноста и првичните практики кои универзитетите ќе ги воспоставаат при формирање на новите студентски собранија на трите државни универзитети во Штип, Битола и Тетово.
Проектот е спроведен од Националниот младински совет на Македонија заедно со SFERA International, FORUM 16, MKC Bitola, Center for Education and Development - CED и Фондација за развој на локалната заедница - Штип, а финансиски поддржан од Фондација Отворено општество – Македонија.

**Главни резултати на проектот за 2020 година се:**

**-** Спроведен процес на мониторинг на факултетите за студентските избори

- Спроведен мониторинг на факултетите за избори на студентски правобранител

- Подготвена и издадена публикација Нов бран во студентското организирање.

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** октомври 2019 – јули 2020

**ДОНАТОР:** Фондација Отворено општество - Македонија

7. **Поврзување на младите - Connecting Youth – Western Balkans Youth Cooperation Platform**

Connecting Youth – Western Balkans Youth Cooperation Platform е иницијатива на Институтот за соработка и развој од Албанија, поддржана од Фондацијата Ханс Зајдел (Hanns Seidel). Целта на платформата е да им понуди на младинските организации, граѓанските организации, неформалните движења, групи или млади поединци од целиот Западен Балкан, ресурсен центар каде каде ќе можат да пронајдат партнери за заеднички активности, размени на иницијативи, младински проекти, простор за дискутирање за идеи за соработка, иницирање заеднички активности и советување. WB YCP, исто така, нуди широк спектар на постоечки иницијативи, национални, регионални и поддржани од ЕУ, кои имаат за цел млади и покриваат Западен Балкан.
Повеќе информации можете да најдете на следнава веб страница: https://connecting-youth.org/home.php

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

**Главни резултати на проектот за 2020 година се:**

– Репозиториум на организации: младински организации, движења, неформални групи, млади истражувачи итн. кои можат да го регистрираат својот профил и да ги промовираат своите активности;
– Пребарување на партнери: сите корисници на платформата кои имаат потреба да најдат контакти во една од земјите за нивниот следен проект, можат да ги користат филтрите за да го најдат соодветниот партнер за нивната идеја;
– Информативен ресурсен центар во врска со претстојните активности на RYCO.

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** март 2018 – тековно
**ДОНАТОР**: Фондација Hanns Seidel

8. **Еуродеск (Eurodesk)**

Еуродеск е младинска информативна мрежа официјално признаена како организација за поддршка на Еразмус+ (2014 – 2020). Во моментов е присутна во 35 земји, односно во 37 канцеларии и има 1098 мултиплаери низ Европа. Главната цел на оваа мрежа е да ја подигне свеста на младите за можностите за мобилност и да ги охрабри да станат активни граѓани. Како Еуродеск информативен центар, НМСМ има можност да учествува во креирањето на содржините за Европскиот младински портал. Европскиот младински портал нуди европски и национални информации и можности кои се во интерес на младите луѓе кои живеат, учат и работат во Европа. На порталот се споделуваат податоци од 34 земји и е достапен на 28 јазици. Повеќе информации можете да најдете на следнава веб страница: https://eurodesk.eu/

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** Април 2018 – тековно

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

9. **ЈутВики (Youth Wiki)**

ЈутВики (Youth Wiki) претставува онлајн енциклопедија за младински политики. Платформата е креирана од страна на Извршната агенција за образование, аудиовизуелна дејност и култура при Европската комисија. Станува збор за сеопфатна база на податоци за националните структури, политики и активности кои се однесуваат на младите луѓе. Македонија е една од 29-те европски држави кои ги анализираат националните политики за млади поделени во 10 поглавја: општ преглед на младинска политика, волонтерски активности, вработување и претприемаштво, социјална вклученост, учество, образование и обука, здравје и благосостојба, култура и креативност, младите и светот, и вработување и претприемаштво, согласно водичот за содржини на ЕАЦЕА за 2020 година;
Носител на проектот е Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, а Националниот младински совет на Македонија работи на анализа и ажурирање на поглавјата на платформата.
Повеќе информации можете да најдете на следнава веб страница: https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/youthwiki

**Главни резултати на проектот за 2020 година се:**
- Ажурирани поглавја на платформата

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** октомври 2020 – март 2021
**ДОНАТОР:** Европската комисија

Национален младински совет
на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

10. **Веб платформа MLADI.MK**

MLADI.MK е веб-платформа за младинско информирање, иницирана и воспоставена од страна на Националниот младински совет на Македонија (НМСМ) во март 2016 година. Млади.мк овозможува простор за директна комуникација помеѓу организациите, институциите и младите, за промовирање различни можности и споделување релевантни информации. Во моментов, платформата ја користат 62 организација, кои преку своите креирани профили на Млади.мк објавуваат повици и можности за образование, надградба, волонтерство, стажирање, работа, конкурси и настани, во земјава и во странство. До Млади.мк се пристапува преку неколку канали: веб-страната и социјалните медиуми.
Во 2020 година веб страната беше обновена и редизајнирана за да има пријателски пристап за корисниците.
мобилни телефони) и истоимената страна на Facebook.
Веб страната Mladi.mk беше поддржана од Проект на УСАИД за граѓанско општество имплементиран од Фондација отворено општество Македонија, а креирањето на апликацијата Mladi.mk беше поддржана од Британската амбасада Скопје во рамки на проектот „Младинско учество“.
Повеќе информации можете да најдете на следнава веб страница: https://mladi.mk/

**Главни резултати на овој проект за 2020 година се:**
- Промоција на активностите на младинските организации
- 62 организации кои имаат профил на платформата

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** 2016 – тековно

11. **Иницијатива „Иницирај шанса за сите“**

Иницијативата „Иницирај шанса за сите“ е дел од Програмата за зајакнување на граѓанското учество во законодавните процеси раководена од Националниот демократски институт (НДИ), со финансиска поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Како цел на законодавната иницијатива е промена на начинот на регистрација на невработените млади лица (активни баратели на работа) во АВРСМ кои согласно актуелниот Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност се должни лично да се

Национален младински совет на Македонија

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

јавуваат во Агенцијата на секои 30 дена. Иницијативата произлегува од искуството на НМСМ со Гаранцијата за млади и беше лоцирана потреба од промена на чл. 59-а, од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** февруари 2019 – септември 2020

**ДОНАТОР:** УСАИД (USAID)

12. **БАЛКАНСКИ МЛАДИ: поврзување на едукацијата, способностите и партнерскиот потенцијал во регионални практики за вработување (BY LEAP)**

Главната цел на проектот е да придонесе за младински претприемачки можности и да ги зајакне перспективите за вработување на младите од Западен Балкан. Главни активности на проектот се: национални конференции за претприемништво, тренинзи за градење на капацитети, вебинари и менторство на граѓански организации, промоција на учеството на студентските компании во образовните системи на Западен Балкан, регионален документ за јавни политики, job shadowing за граѓански организации, студиска посета. Преку овој проект има можност и за менторирање и субгрантирање на граѓански организации и студентски компании. Таргет групи на проектот се студентски компании, млади лица и студенти, граѓански организации, наставници, средни училишта, парламенти, стопански комори и носители на одлуки.

Проектот има за цел да го зајакне учеството на основните граѓански организации и младинските иницијативи во регионалната мрежа и да обезбеди одржливост на младите претприемачи (студенти / млади) компании преку активности за демонстрација и обука / менторство. Напорите се насочени кон подобрување на опкружувањето на политиките и поддршка на иницијативите за развој на човечки и институционален капацитет / работна сила кои одговараат на потребите на граѓанските организации и на локалните / основните корисници.

Проектот има за цел да го зајакне учеството на основните граѓански организации и младинските иницијативи во регионалната мрежа и да обезбеди одржливост на младите претприемачи (студенти / млади) компании преку активности за демонстрација и обука / менторство. Напорите ќе се насочат кон подобрување на опкружувањето на политиките и поддршка на иницијативите за развој на човечки и институционален капацитет / работна сила кои одговараат на потребите на граѓанските организации и на локалните / основните корисници. Координатор на проектот е Помладо достигнување Србија, додека НМСМ се јавува како партнер во проектот заедно со, Институт за Западен Балкан (Србија), Џуниор Ачивмент на

Албанија, Џуниор Ачивмент на Турција, Инкубатор за социјални иновации MUNJA (БиХ), Студентски деловен центар (Црна Гора) и Џуниор Ачивмент Европа.
Повеќе информации можете да најдете на следнава веб страница: https://by-leap.com/

**Главни резултати од проектот се:**

- Зајакнување на капацитите на активисти во граѓански организации и граѓански организации да учествуваат во регионалните мрежни процеси и реформски процеси со основни иницијативи поддржани преку програмата за грантови
-едукација и вклучување на млади претприемачи и ученици од СОО / средно училишта, наставници; студентски компании од целиот регион

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА**: март 2020 - 2023 година
**ДОНАТОР:** Европска Унија

## КОНСУЛТАНТСКИ АКТИВНОСТИ

1. **Спроведување на фокус групи за потребите на здружението Еко свест**

Согласно побараните клучни елементи во самиот повик, тимот на НМСМ спроведе неколку клучни активности односно реализира 6 фокус групи и ги сумира податоците добиени за време на фокус групите,. Оваа консулатнска активност вклучуваше подготовка на наративен и графички извештај за добиените резултати за секоја од темите кои беа опфатени за време на фокус групите, ги инкорпорира препораки и заклучок во извештаите, а дополнително подготви и завршен извештај за сработените активности во текот на целиот ангажман. Во својата работа тимот користеше и други методи покрај фокус групите, односно анализа на постоечка документација за подготовка на сценариото за фокус групите, која исто така помогне и при селекцијата на учесниците на фокус групите, анализа на постоечка законска регулатива (Законот за употреба на јаглен) како и анализа на други документи поврзани со зададените теми.

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** Септември – Ноември 2020 година

**НАРАЧАТЕЛ**: Граѓанско здружение Еко свест

ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

## 2. Подготовка на Стратегија за млади на град Скопје за 2021- 2025 година

Креирање на Стратегијата за млади на Град Скопје за 2021-2025 година ги вклучуваше следниве активности:
- Подготовка на анализа на други правни акти, стратегии и документи во кои град Скопје се јавува како носител на активности за млади (Закон за младинско учество и младински политики, локални
младински стратегии во општините на град Скопје, Национална стратегија за млади 2016-2025, други важни документи).
- Консултативни средби со младински организации, организации за млади, политички подмладоци и други здруженија на граѓани.
- Консултативни средби со претставници на Општините на град Скопје. Општините во град Скопје се значајна алка во работата со млади, па затоа преку две консултативни средби со претставници од општините во Скопје ќе се дискутираат идните чекори кои Градот во соработка со општините е неопходно да ги преземат за унапредување на целокупниот живот на младите лица во Скопје.
- Онлајн прашалник. Со цел да се зголеми опфатот на млади лица кои ќе го дадат својот придонес во процесот на креирање на стратегијата, дополнително беше изработен оналјн прашалник преку кој младите лица жители на град Скопје можеа по електронски пат да ги достават своите предлози за области и активности кои треба да бидат дел од Стратегијата.
- Анализа на добиените податоци од реализираните активности, фокус групи, консултативни средби и прашалникот кои имаат за цел да ја постават структурата на Стратегијата за млади на град Скопје 2021-2025.
- Подготовка на финална Стратегија и Акциски план за имплементација на стратегијата.

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** Ноември 2020- Јануари 2021
**НАРАЧАТЕЛ:** Град Скопје